**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 22-01-2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 543 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** **<u>редовен</u>**

**2. Субјект на надзорот:** Друштво за производство трговија и услуги ИМПЕРИЈА САТ извоз-увоз ДООЕЛ Чашка Општина Чашка - аналоген пакет

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21.01.2016 година.

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14):

4.1. член 50 став 5 – „Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да емитуваат или реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик. Забрането е емитување или реемитување на детска порнографија“.

4.2. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите“.

4.3. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.

4.4. член 143 – „Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права".

4.5 член 144 став 1 – „Оператор кој реемитува програмски сервиси може да воспостави интерен телевизиски канал на кој ќе објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува. Обезбедувачот на програмскиот пакет е должен излезниот сигнал на интерниот телевизиски канал да го снима целосно и без прекин, а снимките да ги чува најмалку 30 дена по емитувањето".

**5. Претходно изречени мерки:** нема

**6. Констатација од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека овој оператор на подрачјето на општина Чашка, во својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси ТВ Сител, ТВ Сител 3 и ТВ Алсат М, кои не се опфатени со потврдите за регистрација на аналоген пакет програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да донесе решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси на Друштво за производство трговија и услуги ИМПЕРИЈА САТ извоз-увоз ДООЕЛ Чашка Општина Чашка и согласно точка 8 од Упатство за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи веднаш по приемот на решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Директорот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**